РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ
ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН
“МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС”

КО ДОЛНО ДУПЕНИ

ОПШТИНА РЕСЕН

ОКТОМВРИ 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА-ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

НАРАЧАТЕЛ: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-ЦАРИНСКА УПРАВА

ИЗРАБОТУВАЧ: **АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

ДИРЕКТОР: **М-Р. АНДРИЈАНА АНДРЕЕВА**, дипл.инж.арх.

Andrijana Andreeva

Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2021.10.14 14:40:34 +02'00'

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: **F0121**

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН “МАРКОВА НОГА-ЛЕМОС”, КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

ИЗРАБОТУВАЧ: АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ: м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
број на овластување О.0382

Julijana Stavrevski

Digitally signed by Julijana Stavrevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030005576521, 2.5.4.97=NTRMK-6067441, o=Agencija za planiranje na prostor, serialNumber=153862, title=Rakovoditel na sektor za urbanisticko planiranje, sn=Stavrevski, givenName=Julijana, cn=Julijana Stavrevski
Date: 2021.10.14 11:46:45 +02'00'

РАКОВОДИТЕЛ НА УП И ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: м-р **Јулијана Ставревски**, дипл.инж.арх.
број на овластување О.0382

ПЛАНЕРИ:
***Маја Доновски Лукаревска**, дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0385
***Ана Пижула Ефкоски,** дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0433
***Боро Петковски,** дипл.инж.арх.*
број на овластување О.0392

водоводна и канализациона инфраструктура:
*м-р **Соња Георгиева - Депинова**, дипл.град.инж.*
број на овластување 2.0606

енергетска и комуникациска инфраструктура:
***Благој Јанков**, дипл.ел.инж.*
број на овластување 4.0115

животна средина и природно наследство:
М-р Весна М. Димишковска, дизжс
дипл.инж.заш.жив.сред.

природни карактеристики:
*м-р **Звонко Бошев**, дипл.географ*

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА-ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

1) **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
2) **НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
3) **ПРИЛОЗИ**
4) **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ - СОДРЖИНА

Вовед 1
1. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛАВО КОЈ Е УТВРДЕН ПРОСТОР СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ 2
   1.1. Граници и површина на Урбанистичкиот проект 2
   1.2. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно 2
   1.3. Помошна градежна линија 4
   1.4. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места 7
      1.4.1. Улична мрежа 7
   1.5. Партерно решение со холтикултура 10
   1.6. Водостопанска инфраструктура 10
   1.7. Електроенергетска инфраструктура и јавно осветлување 12
2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА 14
   2.1. Мерки за заштита на животната средина 14
1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ 32

2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

3) ПРИЛОЗИ

4) ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ:

1. ПОЛОЖБА ВО ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ 1:10 000
2. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ЗЕЛЕНИЛО 1:1000
3. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ВНАТРЕШЕН И СТАЦИОНИРАН СООБРАЌАЈ И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ 1:1000
4. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА И ЕЛЕКТРОКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА 1:1000
5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛНА МРЕЖА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА МРЕЖА И ТОПЛОВОДНА МРЕЖА 1:1000
6. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 1:1000

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА-ЛЕМОС" КО ДОЛНО ДУПЕНИ ОПШТИНА РЕСЕН

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Вовед

Урбанистичкиот проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен се изработува согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в.на РМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 225/20), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планово за 2021 година (Службен весник на РМ бр.15/21) точка 19, како и согласно потпишаната Спогодба меѓу Република Северна Македонија и Република Грција на 08 март 2019 година, ратификувана во Службен весник на РСМ бр. 152 од 25.07.2019 година, за отворање на новиот граничен премин во регионот на Преспанското Езеро кој ќе ги поврзува Маркова Нога во Република Северна Македонија и Лемос во Република Грција.

Процесот на планирање и проектирање треба да резултира со изградба на нов сообраќаен пристап како и нови градби и инфраструктура, потребни за реализација на овој граничен премин.

Основа за изработка на предметниот Урбанистички проект ќе бидат:

- **Годишната програма** за финансирање на изработка на урбанистички планови, за 2021 година (Службен весник на РМ бр.15/21);
- **Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога бр. 08-141/4 од 19.03.2021год;**
  Услови за планирање на просторот за **Урбанистичкиот проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен** со тех.бр. Y06221 од Мај 2021 за кој е добиено Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 637/2021 од 07-05-2021г.
- Проектна програма заверена од Министерство за финансии-Царинска управа, а одобрена од Министрство за транспорт и врски.
- податоци, информации и мислења добиени од стручни служби преку сервисот е-урбанизам постапка бр. 33603.
- https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/33603

1. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛАВО КОЈ Е УТВРДЕН ПРОСТОР СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

1.1. Граници и површина на Урбанистичкиот проект

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен, , е со намена Е2.1 - Гранични премини, се наоѓа во Општина Ресен.

Предметната локација се наоѓа на југо од центарот на град Ресен на оддалеченост од ~30км од градот, поврзувајќи се преку регионалниот пат R 1308 (на патниот правец Р 1308) Претор, Макази – граничен премин Маркова Нога, на граница со Република Грција, кој се наоѓа на север од проектниот опфат и преку кој се овозможува пристап до предметната градежна парцека Г.П.1.1.

Површината на проектниот опфат изнесува 76146.8541 м2 или 7,61ha.

Границата на проектниот опфат за Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова нога-Лемос" КО Долно Дупени, општина Ресен е дефинирана со следниве КП:

- од север: по граница на КП 2043 и КП 1937/2 ,
- од јужната страна: по граници на КП 1981/1, КП 1981/2, КП 1982, КП 2016/2, КП 2016/1 и КП 1991 односно по границата помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција",
- од источната страна: по граници на КП 1991, ја сече КП 1966, КП 1967, КП 1968, КП 1970, КП 1971/1, ги сече КП 1963, КП 1972/3 и КП 2043
- од запад: по граници на КП 1981/1, КП 2065/2, КП 1977/1, КП 1976/1 и КП 2043.

<u>ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ</u>

ПОВРШИНА 76146.8541 м^2
ПЕРИМЕТАР 1176.6431 м^1

Р.бр	X	Y
1.	7510599.2100	4523481.7100
2.	7510575.0902	4523482.0896
3.	7510575.0902	4523482.0896
4.	7510572.4302	4523482.1496
5.	7510552.1302	4523482.3696
6.	7510538.1500	4523482.4800
7.	7510538.1500	4523482.4800
8.	7510537.7100	4523483.1600
9.	7510532.6200	4523493.5200
10.	7510523.5400	4523539.8600
11.	7510502.8900	4523574.6700
12.	7510468.7600	4523610.6200
13.	7510445.1800	4523655.4200
14.	7510416.5100	4523697.5100
15.	7510381.1600	4523733.0300
16.	7510374.0700	4523746.8400
17.	7510372.2600	4523754.2900
18.	7510391.6500	4523765.2600
19.	7510402.9600	4523772.1000
20.	7510443.6700	4523800.8100
21.	7510451.2900	4523801.3000
22.	7510473.6700	4523803.5900

23.	7510500.6900	4523807.0700
24.	7510503.3100	4523810.1800
25.	7510504.0800	4523829.0200
26.	7510499.2100	4523828.6200
27.	7510500.5900	4523839.2900
28.	7510502.9600	4523847.3800
29.	7510523.0300	4523843.9400
30.	7510532.4400	4523842.3300
31.	7510560.4300	4523844.6500
32.	7510585.5100	4523846.8300
33.	7510602.7700	4523839.1100
34.	7510607.4200	4523838.0700
35.	7510620.1200	4523836.0000
36.	7510637.1247	4523823.8567
37.	7510640.8739	4523810.5422
38.	7510638.4116	4523760.1414
39.	7510647.4000	4523712.6200

40.	7510651.6500	4523695.9600
41.	7510654.2700	4523687.0300
42.	7510656.5800	4523675.2600
43.	7510669.1000	4523667.0200
44.	7510684.8500	4523656.0600
45.	7510698.7400	4523641.3700
46.	7510711.9300	4523632.0400
47.	7510711.9500	4523627.6500
48.	7510711.7900	4523624.3200
49.	7510722.6700	4523599.7800
50.	7510735.5000	4523571.7600
51.	7510721.3000	4523552.2100
52.	7510719.1300	4523548.7400
53.	7510702.6200	4523516.2500
54.	7510655.1200	4523500.4800
55.	7510599.2100	4523481.7100
56.	7510599.2100	4523481.7100

Границата проектниот опфат на овој Урбанистички проект е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка со реден бр. од 1 до 55, претставени табеларно со следните Х и У координати.

1.2. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Согласно барањата од страна на Министерството за финансии – Царинска управа на Република С. Македонија преку заверена и потпишана Проектна програма треба да се изработи **Урбанистичкиот проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува П=**7.61ха** (76146,8541m2), а вкупната повтшина на градежната парцела изнесува (54714,6277m2) во чиишто рамки се утврдуваат површини за градење.

Содржините и нивната поставеност се утврдени врз основа на важечките прописи и стандарди за овој вид на објекти и истите се соодветно вградени во Урбанистичкиот проект.

Локацијата каде се формира градежна парцела ГП1.1 е предмет на овој урбанистички проект за изградба на градби со намена Е2.1 – гранични премини, во , КО Долно Дупени, општина Ресен, се наоѓа во следните граници:

- од север: по граница на КП 2043 и КП 1937/2 ,
- од јужната страна: по граници на КП 1981/1, КП 1981/2, КП 1982, КП 2016/2, КП 2016/1 и КП 1991 односно по границата помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција",

- од источната страна: по граници на КП 1991, ја сече КП 1966, КП 1967, КП 1968, КП 1970, КП 1971/1, ги сече КП 1963, КП 1972/3 и КП 2043
- од запад: по граници на КП 1981/1, КП 2065/2, КП 1977/1, КП 1976/1 и КП 2043.

При инвентаризацијата на постојната состојба, согледано е дека на предметната локација егзистираат вкупно 2 постојни градби, кои се објекти на Министерство за внатрешни работи, 2 споменици, 1 трафостаница. Со овој Урбанистички проект просторот треба програмски да се надополни, задоволувајќи ги потребите на Инвеститорот/Нарачателот.

Согласно Проектната програма со овој УП, потребно е да се дефинираат архитектонско - урбанистички параметри за реализација на планираните градби во рамките на предметната градежна парцела, односно да се дефинираат насоките за изработка на Основните проекти за планираните градби и инфраструктурата

Во проектниот опфат со овој урбанистички проект согласно Проектната програма, во рамки на ГП 1.1. се предвидува изградба на нови градби со намена Е2.1 – гранични премини и тоа:

- лира 2+2 ленти за проток на патници и возила (лесни коли и минубуси со максимум 9 седишта) и можна варијанта за дополнителна 1+1 лента
- Јарболи 5
- Контролни куќички
- Автоматски контролни рампи 4+4 и/или 6+6
- Дезобариера со магацин за хемикалии
- Управна зграда за Цариници и Гранична полиција
- Паркинг за лесни возила (службени)
- Управна зграда пропратни содржини (инспекции, шпедиција, осигурителна компанија)
- Санитарен чвор надворешен
- Платформа за визуелен преглед на лесни моторни возила со димензии по избор на проектантот
- Магацин за складирање на царинска стока (привремено одземена)
- Јавен паркинг за лесни возила
- Резервоар за вода и зафат на вода
- Пумпна станица за техничка вода (бунар)
- Пречистителна станица
- Простор за хидрофор
- Трафостаница
- Простор за агрегат
- Котлара и топлотна подстаница (по избор на проектантот со алтернативни или класични решенија или комбинирано)
- Потребни настрешници за преминот
- Угостителски објект (во склоп на пропратните содржини)
- Трговски објект Добро дојдовте во РСМ
- Целиот локалитет да се огради со прописно поставена и избрана ограда

како и гранична со што просторот програмски ќе се дополни. Новопланираната градба сместена е централниот дел на градежната парцела.

Согласно Проектната програма со овој УП, потребно е да се дефинираат архитектонско - урбанистички параметри за реализација на планираната градба во рамките на предметната градежна парцела, односно да се дефинираат насоките за изработка на Основните проекти за планиранита градба и инфраструктурата.

Наменска употреба на земјиштето - Класи на намени

Согласно **Услови за планирање на просторот бр Y06221 Мај 2021 со Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 637/2021 од 07.05.2021г. и Проектната програма за Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова нога-Лемос" КО Долно Дупени, општина Ресен** предвидено е новопланираните градби да се со намена:

- **Група на класа на намена – Е (ИНФРАСТРУКТУРИ),**
  - **Е2.1 – Гранични премини**

Во рамките на Проектниот опфат има и:

- **Група на класа на намена – Д (ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ),**
  - Д2– Заштитно и сообраќајно зеленило

Со овој Урбанистички проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова нога-Лемос" КО Долно Дупени, општина Ресен, се дефинира градежна парцела како и начинот на сообраќајно поврзување на новопланираната градба со останатата сообраќајна мрежа со што ќе се овозможи безбедно одвивање на сообраќајот во и кон Градежната парцела.

Соодветно, со Урбанистичкиот проект се дефинира начинот на сообраќајно поврзување, со што ќе се обезбеди високо ниво на сообраќајна услуга според важечката законска регулатива.

Регулаторни линии

Регулаторни линии се регулациона линија и граница на градежна парцела.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Границата на градежната парцела во предметниот УП за Г.П.1.1 е формирана со овој Урбанистички проект.

Границата на градежната парцела формира површина од 54919,34m^2.

Во графика, границата на градежната парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,6мм.

Градежна парцела

Градежната парцела е најмала единица градежно земјиште што е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба и/или има изградено градба при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежна парцела и го опфаќа земјиштето под градба и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.

Во предметниот УП се дефинира и се разработува градежна парцела Г.П.1.1 со површина од 54919,34m^2

Градежна линија

Градежна линија е регулаторна линија во урбанистичкиот план/проект која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до којашто во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објект.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој Урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р). Во проектниот опфат се предвидени површини за градење на: градба со намена Е2.1 – Гранични премини. Градежната линија е дефинрана согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20).

1.3. Помошна градежна линија

Помошна градежна линија се употребува како ознака за денивелација или продор во рамките на површината за градење. Во предметниот УП, употребена е помошна градежна линија како ознака за продори, во објектот 1.1.1.

Во графика, помошната градежна линија е означена со испрекината црна линија со дебелина од 0.5мм.

Површина за градење на градежната парцела е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на една или повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Максималната површина за градење во рамките на утврдениот простор за градење е 54919,34m2.

Во рамките на утврдената површина за градење предвидени се осум (8) површини за градење и тоа за:

- Градба 1.1.1 Управна зграда за Цариници и Гранична полиција
- Градба 1.1.2 Објект за осигурителна компанија и Јавен тоалет
- Градба 1.1.3 Објект наменет 1 во служба на граничен премин
- Градба 1.1.4 Резервоар за вода
- Градба 1.1.5 Пречистителна станица
- Градба 1.1.6 Објект наменет за граничен премин
- Градба 1.1.7 Кула
- Градба 1.1.8 Трафостаница со агрегат

Согласно дописот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина сектор води бр.0902-91/36 согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање треба да издаде водостопанска согланост, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води или објекти кои

се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1

Број на Градежна Парцела	Број на објект	Основна класа на намена	Вид на градба	Површина на Градежна Парцела (m2)	Површина на објект во приземје (m2)	Број на надземни нивоа	Катност	Вкупно изградена површина на сите нивоа (m2)	Максимална височина до венец (m')	Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	Паркирање
1.1	1.1.1	**E2.1**	Управна зграда за Цариници и Гранична полиција	54,919	1,321	1; 2	П; П+1	2,094	4,50m'; 6,00m'	2.406	0.0381	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.2	**E2.1**	Објект за осигурителна компанија и Јавен тоалет	54,919	32	1	П	32	4,50m'	0.058	0.0006	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.3	**E2.1**	Објект 1 наменет за граничен премин	54,919	770	2	П+1	1,541	8,50m'	1.403	0.0281	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.4	**E2.1**	Резервоар за вода	54,919	225	1	П	225	3,00m'	0.410	0.0041	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.5	**E2.1**	Пречистителна станица	54,919	15	1	П	15	3,00m'	0.027	0.0003	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.6	**E2.1**	Објект 2 наменет за граничен премин	54,919	65	1	П	65	3,40m'	0.118	0.0012	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.7	**E2.1**	Кула	54,919	9	1	П	9	Постојна височина	0.017	0.0002	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.8	**E2.1**	Трафостаница со Агрегат	54,919	79	1	П	79	3,00m'	0.144	0.0014	Во рамки на градежна парцела
			Вкупно:	**54,919**	**2,517**			**4,060**		**4.58**	**0.07**	

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПОВРШИНИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1

Број на Градежна Парцела	Намена на површините	Површина (m2)	Површина на ГП 1.1 (m2)	Процент на застапеност во однос на градежна парцела (%)
1.1	Површини под објект	2,517	54,919	4.58
1.1	Платоа за споменици	136	54,919	0.25
1.1	Пешачки патеки и плато пред објекти	1,423	54,919	2.59
1.1	Коловоз со тротоар	7,884	54,919	14.36
1.1	Зеленило во Г.П.	42,960	54,919	78.22
	Вкупно:	**54,919**	**54,919**	100.00

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1

Број на Градежна Парцела	Група на класи на намени	Основна класа на намена	Површина на Градежна Парцела (m2)	Вкупна површина на објекти во приземје (m2)	Вкупно изградена површина на сите нивоа (m2)	Катност	Максимална височина до венец (m')	Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	Паркирање
1.1	E	E2.1	54,919	2,517	4,060	П+1	8,50 m'	4.6	0.07	Во рамки на градежна парцела

Во Урбанистичкиот проект предвидена е површина под градба од 2517m^2 вкупно изградена површина 4 060m^2.

Височина на градење

Максималната височина на градбата е планска определба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува на онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Максималната висина до венец изнесува 8.50м'.

Со предметниот УП се предвидува висина на завршниот венец на градбите од 3,0м' до 8.50м', додека бројот на катови изнесува од П до П+1.

Процент на изграденост

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја одразува густината на изграденост и покажува колкав дел од градежното земјиште е под градба и се добива како однос помеѓу површината под градби и вкупната површина на единицата на градежното земјиште; Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Со процентот на изграденост е дадено колкав дел од градежното земјиште на разгледуваната градежна парцела ќе биде зафатено со градба. Во Урбанистичкиот проект за ГП 1.1, процентот изнесува 4,6%.

Коефициент на искористеност

Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која покажува колкав е планираниот или фактичкиот интензитет на изграденост на градежното земјиште и се добива како однос помеѓу вкупната изградена површина на сите катови и вкупната површина на единицата на градежното земјиште. Истиот, согласно предвидената површина за градење во овој Урбанистички проект изнесува **0.07**

Образложение на содржината на градбите

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.32/20) во рамките на градежната парцела 1.1 со група на класа на намена Е – Инфраструктури, се формираат површини за градење со градежни линии и нумерација, намена на градбата, максимална височина изразена во метри при што е дефиниран процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето на градежната парцела, почитувајки ги и одредбите на Законот за урбанистичко планирање и подзаконските акти коишто произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.225/20).

Со оваа проектна документација се определуваат сите параметри за градбата која се предвидува во рамки на ГП 1.1 и истите ќе бидат основ за издавање на одобрение за градење врз основа на основен проект. Во решавањето на урбанистичкото решение на градежната пацела, како подлога за насоки е користена потпишанта **Проектна програма**.

Табела

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1

Број на Градежна Парцела	Група на класи на намени	Основна класа на намена	Површина на Градежна Парцела (m2)	Вкупна површина на објекти во приземје (m2)	Вкупно изградена површина на сите нивоа (m2)	Катност	Максимална височина до венец (m')	Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	Паркирање
1.1	E	E2.1	54,919	2,517	4,060	П+1	8,50 m'	4.6	0.07	Во рамки на градежна парцела

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1

Број на Градежна Парцела	Број на објект	Основна класа на намена	Вид на градба	Површина на Градежна Парцела (m2)	Површина на објект во приземје (m2)	Број на надземни нивоа	Катност	Вкупно изградена површина на сите нивоа (m2)	Максимална височина до венец (m')	Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	Паркирање
1.1	1.1.1	**E2.1**	Управна зграда за Цариници и Гранична полиција	54,919	1,321	1; 2	П; П+1	2,094	4,50m'; 6,00m'	2.406	0.0381	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.2	**E2.1**	Објект за осигурителна компанија и Јавен тоалет	54,919	32	1	П	32	4,50m'	0.058	0.0006	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.3	**E2.1**	Објект 1 наменет за граничен премин	54,919	770	2	П+1	1,541	8,50m'	1.403	0.0281	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.4	**E2.1**	Резервоар за вода	54,919	225	1	П	225	3,00m'	0.410	0.0041	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.5	**E2.1**	Пречистителна станица	54,919	15	1	П	15	3,00m'	0.027	0.0003	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.6	**E2.1**	Објект 2 наменет за граничен премин	54,919	65	1	П	65	3,40m'	0.118	0.0012	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.7	**E2.1**	Кула	54,919	9	1	П	9	Постојна височина	0.017	0.0002	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.8	**E2.1**	Трафостаница со Агрегат	54,919	79	1	П	79	3,00m'	0.144	0.0014	Во рамки на градежна парцела
			Вкупно:	**54,919**	**2,517**			**4,060**		**4.58**	**0.07**	

1.4. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

1.4.1. Улична мрежа

Сообраќајниот концепт на планирана улична мрежа во просторот што ја дефинира градежната парцела 1.1 е утврден врз основа на:

- Проектна програма,
- Урбанистичкиот концепт (идејни проекти за објекти),
- Правилникот за урбанистичко планирање,
- (Сл. весник на РМ бр.225/20),
- Ажурирана геодетска подлога.

Во северниот дел од опфатот е поставена трасата на регионалниот пат Р1308 кој во својот сообраќаен профил содржи две коловозни ленти за влез и излез, во и од зоната на граничниот премин со ширина од 3,25м, односно сообраќајниот профил на Р1308 на овој потег изнесува:

ПРЕСЕК
1-1



- коловоз	2x3.25	=	6.50м
- тротоари	2x1.50	=	3.00м
	Вкупно:		9.50м

Од регионалниот патен правец Р1308 за излез од Република Македонија,коловозната површина се проширува до граничната лира (излез) и истата овозможува дистрибуција (одвојување) на моторни возила – возни ленти:
Лента 1: 1 x 3,25 = 3,25м'
Лента 2: 1 x 3,25 = 3,25м'

За влез на возилата од Р.Грција во Р.Македонија се предвидени исто така возни ленти кои се дистрибуираат во домен на граничната лира (влез) за моторни возила:

Лента 1: 1 x 3,25 = 3,25м'
Лента 2: 1 x 3,25 = 3,25м'

Помеѓу возните ленти за влез и излез се предвидени контролни куќички наменети за проверка на патниците (Царина и МВР).

Излезот од Граничниот премин кон Р. Грција е регулиран со влези и излезни ленти со следните профили:
За излез од Република Северна Македонија:

ПРЕСЕК
3-3



-коловоз	2x3.25	=	6.50м
-тротоари	1x1.50	=	1.50м
	Вкупно:		8.00м

За влез од Република Северна Македонија:

-коловоз	2x3.25	=	6.00м
-тротоари	1x1.50	=	1.50м
	Вкупно:		8.00м

Помеѓу возните ленти за влез и излез од Република Северна Македонија има разделен појас со ширина од 2м.

Исто така во рамките на проекниот опфат има крак улица 2 со следниве профили:

-коловоз	2x3.00	=	6.00м
-тротоари	2x1.50	=	3.00м
	Вкупно:		9.00м

и крак улица 3 со следниве профили:

-коловоз	2x3.00	=	6.00м
	Вкупно:		6.00м

Хоризонталната поставка со елементи на хоризонтално решение (радиуси на хоризонтални кривини и сообраќајни профили) се презентирани во графичкиот прилог.

Како дополнителни сообраќајни површини за опслужување на сообраќајот во функција на планираните објекти во ГП 1.1 се планирани платоа – Плато за пристап до објектот на МВР и паркинг простор со 13 паркинг места и 2 паркинг места за инвалиди. Вкупна должина на планираната внатрешна улична мрежа изнесува:

- Новопроектирана Улица 1 = 372,88м
- Улица 2 = 54.81м
- Улица 3 = 114,09м

Вкупно: 541.78м

Ваквата поставка на планирана внатрешна улична мрежа и сообраќајни површини ги дефинира сите сообраќајни движења(со посебен режим) во рамките на градежната парцела со контролирани влезови во истата.

Стационарен сообраќај – паркирање

Опслужувањето на возилата во мирување(паркирање) во функција на планираните објекти во ГП 1.1 се предвидува во планираните паркинг простори за вработени со овој УП.

Предвидени се вкупно 13(тринаесет) паркинг места и 2(две) паркинг места за инвалиди.

Нивелациско решение

Врз основа на нивелационото решение детално снимена ситуација (ажурирана геодетска подлога) со вертикална претстава и утврдени елементи на хоризонтално решение со осовини на планирани коловозни површини рамките на ГП1.1 е изработено нивелационо решение. Со нивелационото решение се дадени висински коти на осовински и прекршни точки, како и надолжни наклони на нивелетите на планираните коловозни површини кои се движат од минимални 0,24% до максимален 11,72%.

1.5. Партерно решение со холтикултура

Градежната парцела Г.П.1.1 предмет на овој УП има уредени зелени површини во вид на парковско зеленило. Во понатамошна разработка, овие зелени површини треба да се предмет на проекти за хортикултурно уредување со дефинирани видови на растенија кои се специфични за ваков тип на комплекси.

Во рамки на проектниот опфат, предвидени се вкупно 21 228m^2 заштитно и сообраќајно зеленило или 28% од површината на градежната парцела и проектниот опфат. при што се почитувани одредбите пропишани во Член 20 од Законот за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр. 11/18).

1.6. Водостопанска инфраструктура

Изворници на вода

За водоснабдување на објектите се предвидува изградба на две водоснабдителни мрежи: за санитарна вода (за пиење и противпожарна заштита) и за техничка вода (за наводнување на зеленилото и одржување на комуналната хигиена).

Потребните количини на вода ќе се обезбедат од бунари кои ќе бидат лоцирани во крајбрежниот појас на Преспанското Езеро. Нивната местоположба ќе биде дефинирана со хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе

се утврди издашноста и капацитетот на подземните води. Исто така треба да се направат и испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко – хемиските и бактериолошките карактеристики на водата ќе одговараат на критериумите за соодветна употреба.

Санитарна водоводна мрежа

Од примарната санитарна водоводна мрежа се предвидува да се обезбеди вода и за противпожарна заштита. Примарната санитарна водоводна мрежа ќе биде изведена од ПЕ цевки со најмал пречник од 100 мм со што ќе се задоволат барањата за противпожараната заштита.

За континуирано и квалитетно водоснабдување се предвидува изградба на резервоар од кој ќе се обезбеди и вода за противпожарна заштита. Резервоарот се предвидува да биде во граница на проектниот опфат (Градба бр.1.4) на кота 874 м.н.в. Бидејќи висинската положба на резервоарот не обезбедува доволен притисок во водоснабдителната мрежа потребно е да се предвиди хидрофор, но и резервно (агрегатско) напојување на бунарот и на хидрофорот со електрична енергија.

Потребниот резервоарски простор ќе се димензионира на 20% од максималната дневна потрошувачка на вода и потребната количина на вода за противпожарна заштита.

$V = 20\% \, Q_{мах/ден} + Q_{пожар}$

Усвоена е појава на еден пожар во времетраење од 2 часа, со норма на гасење од 10 л/сек (Сл. весник на РМ бр. 31 од 2006 год.)

Техничка водоводна мрежа

Просечна норма за наводнување на зеленилото изнесува 2,5-4,0 л/ден/м^2, за миење на улици 1,5-2,0 л/сек/м^2. Усвоена е просечна норма од 3,0 л/ден/м^2 (30 м^3/ден/ха). Потребите од техничка вода ќе изнесуваат:

$Q = F(ха) \times Q_0 \, (м^3/ден/ха) = м^3/ден$

Примарната техничка водоводна мрежа ќе биде изведена од ПЕ цевки со најмал дијаметар од 80 мм.

Одведување на отпадните води

Во границите на планскиот опфат се предвидува изградба на сепараciска канализациска мрежа - фекална и атмосферска.

Фекална канализациска мрежа

Фекалните отпадни води пред да се испуштат во Преспанското Езеро ќе бидат подложени на соодветен третман во пречистителна станица.

Примарната фекална канализациска мрежа ќе биде изведена од цевки со минимален дијаметар од 200 мм. На канализациската мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализациската мрежа.

Количина на отпадна вода

Количините на фекалните отпадни води се сметаат на 80% од максималната часова потрошувачка на вода (qmax/час) зголемени за 25 % од инфилтрирани подземни води.

$q_{отпа} = Q_{макс}$ (л/сек) x 80% X 1,25 = 9,3 л/сек

Атмосферска канализација

Количина на атмосферска вода

$q_{атм}$ = = F x qi x Qcp

F - ха - сливна површина

qi - 93 л/сек/ха - специфично истекување со појава секоја втора година во траење од 20 минути[1]

Qsr - 0,9 коефициент на истекување

Примарната атмосферска канализациска мрежа ќе се изведе со минимален дијаметар од 300 мм. На мрежата ќе бидат изведени сливници, ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на мрежата. Пред да се испуштат во реципиентот (каналот на јужната страна од проектниот опфат, а од тука во Преспанско Езеро) атмосферските води ќе бидат подложени на третман во маслофаќач.

Заштита на крајбрежниот појас на Преспанско Езеро и заштита од од големи води (поплави)

Граничниот премин од западната страна се граничи со Преспанското Езеро на кое е измерено апсолутно максимална кота на водата од 851,83 м.н.в. Заради заштита на брегот на Езерото обезбеден е заштите појас во ширина од 50 м од линијата на максималната кота на водата.

Низ проектниот опфат на северната и јужната страна минуваат два времени водотеци - порои кои не се регулирани. За заштита на просторот од несакани последици при појава на големи води се предвидува заштитен појас покрај водотеците во ширина од 50 метри од ивицата на коритото на водотеците.

1.7. Електроенергетска инфраструктура и јавно осветлување

Елекроенергетска инфраструктура

Со ова планска документација предвидено е да се обезбеди електричен приклучок за сите корисници (институции) кои работат на граничниот премин. За ова намена планирана е површина за енергетски блок составен од: дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4kV, дизел електричен агрегат и УПС-и. Освен мрежно, предвидено е резервно напојување на корисниците кое ќе биде приклучено од

енергетскиот блок (агрегати и УПС-и). Потребно е да се направи листа на приоритетни потрошувачи на кои им е неопходно резервно напојување со електрична енергија.

Моќноста на електричниот агрегат и дистрибутивната трафостаница 10(20)/0,4kV, како и детаљниот распоред и пресек на нисконапонските и среднонапонски електрокабли ќе биде дефинирана со основните проекти за електроинсталации.

Во ова планска документација дадени се инфраструктурни коридори за врските помеѓу електро корисниците, во кои што може да бидат поставени повеќе електрокабли. За сите новопланирани подземни електроводови да се предвидат заштитни коридори во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Со планското решение постојната столбна дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4kV ќе биде демонтирана и заменета со нова во согласност со потребите на корисниците на граничниот премин. Демонтажата и другите промени на постојната дистрибутивна мрежа да се извршат во согласност со дописот од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (писмо бр. 10-55/2-332 од 29.07.2021).

Низ планскиот опфат минуваат постојни среднонапонски 10(20)kV и нисконапонски 0,4kV надземни електроводови. Со планот, се предвидува нивна замена со соодветни подземни електроводови за кои што е предвиден заштитен појас.

Се планира замена на постојната столбна со нова дистрибутивна трафостаница а во согласност со потребите на корисниците на граничниот премин и дистрибутерот на електрична енергија. Доколку постојниот приклучен среднонапонски 10(20)kV електровод не ги задоволува барањата за сигурно и континуирано снабдување со електрична енергија, со напон кој ги задоволува стандардите, до напојната трафостаница на граничниот премин да се постави соодветен приклучен вод. Ова постапка треба да биде во согласност со овластен дистрибутер на електрична енергија.

Во објектите, со основните проекти за електро инсталации, да се предвидат приклучни електро ормари кои ќе бидат врската меѓу дистрибутивната трафостаница, резервното напојување и внатрешната електро инсталација, опфатена со основниот проект.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Заради заштеда на енергија се планира на крововите од сите објекти да се постават соларни панели со помош на кои ќе се врши загревање на водата, како и примена на современи висококвалитетни природни и еколошки материјали при изградбата на објектите.

Електронско-комуникациска инфраструктура

На корисниците на граничниот премин треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Корисниците треба да имаат можност за слободен избор на оператор а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Со планската документација предвиден е инфраструктурен коридор во кој може да се постават потребните електронско комуникациски кабли. Овие кабли треба да се полагаат на начин кој нема да ја попречуваат работата на другите јавни

комуникациски мрежи и придружни средства, како ни работата на други јавни електронско комуникациски услуги и услуги од друг карактер

Во објектите, со основниот проект за електро инсталации, да се предвидат приклучни комуникациски ормари кои ќе бидат врската меѓу јавната електронско комуникациската мрежа и внатрешната инсталација.

Јавно осветлување

За осветлување на сообраќајниците, паркинзите, како и останатите јавни површини, опфатени со овој УП, изработена е инсталација за јавно осветлување. Зависно од големината на јавната површина и интензитет на бараното осветлување, потребно е да предвидат соодветни светилки, кои ќе бидат дефинирани со основниот проект.

Приклучните 0,4kV кабли треба да се постават во тротоар на сообраќајниците, односно во инфраструктурен коридор, заедно со останатите инфраструктурни водови.

За јавното осветлување на граничниот премин, потребно е да се изработи засебен проект со светлотехничко решение.

2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА

2.1. Мерки за заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина од предвидениот за изградба на граничен премин "Маркова нога-Лемос", КО Долно Дупени, Општина Ресен се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголе¬мени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на граничен премин "Маркова нога-Лемос", КО Долно Дупени, Општина Ресен, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

На подрачјето на Охридско-преспанскиот регион не се воспоставе¬ни мерни места за следење на квалитетот на воздухот, што ја отежнува проценката на реалната

состојба и истовремено ја наметнува потребата од интегрирање компонентата на управување со квалитетот на воздухот во урбанистичкото планирање. Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Процесот на еутрофикација предизвикан од директната емисија на отпадни води во Преспанското Езеро, како и од вливот на загадените притоки во него, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во езерото. Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води, со цел да се усогласат вредностите на концентрација¬та на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиен¬тот.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија на земји¬штето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација. Мерките за контрола на ерозивните процеси за време на изградбата вклучуваат примена на оградувања на нагибите.

Уредување на комплексот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

На просторот на Охридско-Преспанскиот регион, влијанието на бучавата врз луѓето и биодиверзитетот е се поизразено, поради големата концентрација на низа активности во функција на туризмот кои продуцираат интензивна бучава. Потребно е да се преземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Да се спроведе организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвика¬ните нарушувања во животната средина.

Да се избегне губење, модифика¬ција и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистеми¬те. При изработка на предметната документација да се имплемен¬тираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.Заштитата на животната средина, како темелна вредност на Уставот на Државата (Член 8), е регулирана со Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и и 99/18). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната

средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр. 100/12-пречистен текст, и бр. 163/13, 10/15 и 146/15),
- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16),
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15),
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија бр. 09/11 - пречистен текст, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16),
- Закон за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр. 11/18).

Заштитата и унапредувањето на животната средина се стварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметниот **Урбанистичкиот проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен.**

Потенцијалните извори на загадување на медиумите и областите во животната средина ќе бидат дополнително разработени при изработка на понатамошната документација на пониско ниво, со децидно наведени плански мерки за заштита.

Мерки за заштита на воздухот

Евидентно е присуство и на загадувачки материи во воздухот над максимално дозволените концентрации. Имајќи предвид дека дрвјата и вегетацијата можат во голема мера да придонесат за редукција на загадувањето на воздухот, преку абсорпција на присутните полутанти, се препорачува нивен соодветен избор при зазеленување на површините во околината. Изборот на видовите треба да се базира на знаењето на локалните експерти за најповолните видови дрвја за конкретните услови кои го карактеризираат подрачјето од интерес.

Мерки за заштита на водите

Ограничувања:

Во хидролошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

загадување на водата (директно испуштање на канализациска, технолошка и атмосферска отпадна вода);

искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водата (изградба на брани, вештачки езера, хидроенергетски објекти и друго);

менување на природната температура на водата (употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);

менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);

менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);

поголеми регулациски градежни работи (промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки и т.н.);

изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);

да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини;

фрлање на отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;

возење со моторни чамци (освен со електрични мотори).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

изградба на сообраќајна инфраструктура;

менување на крајбрежната вегетација (проредување и сечење на дрвја и грумушки, засадување на бреговите и т.н.);

внесување на животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;

експлоатација на нанос, песок или калиште од крајбрежјето или од дното на коритото, изведба на помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови и т.н.),

Забелешка:

Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитениот режим, освен ако тоа не е во одделни примери наведено.

Дозволено е:

возење со чамци и едрење;

посетување и задржување (шетање, капење, сончање) околу водата доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;

риболов (во согласност со прописите за рибарство);

научно истражувачки активности на водената фауна и флора.

Мерки за заштита на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности завзема доминантно место.

Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Предметната локација се наоѓа на поголемо растојание од индустриските жаришта во Градот Ресен. Но, доколку се потврди присуство на тешки метали во почвата да се применат традиционални методи за третман на самата локација (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) или отстранување на контаминираниот слој на почва и спроведување на третманот на друга локација.

Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина.

Мерки за управување со отпадот

По завршување на активностите на терен, шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

При вршење на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат на предметната локаицја. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

Мерки за заштита на природата

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, предметната документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на

дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Во Охридско-Преспанскиот регион, покрај постојните 19, со Републички акт, односно решение заштитени објекти, предвидени (предложени) се и 25 нови простори кои според своите карактеристики и природни вредности треба да се стават под соодветен режим на заштита.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на граничен премин "Маркова нога-Лемос", КО Долно Дупени, Општина Ресен, навлегува во заштитено подрачје Преспанско езеро:

ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО СП (споменик на природата - заштитен)

Се наоѓа на крајниот југозападен дел од Република Македонија, на тромеѓето меѓу Македонија, Грција и Албанија. Лежи во тектонската котлина помеѓу планините Баба на исток, Галичица и Петринска Планина на запад и северозапад и Сува Гора на југ. Зазема површина од околу 274 km^2, од кои на Република Македонија и припаѓаат 176,8 km^2. Се наоѓа на надморска височина од 853 m. Преспанското Езеро како и Охридското Езеро настанало во плиоцен со спуштање по должината на раседи во земјината кора. Најголемата длабочина на Преспанското Езеро изнесува 54 m. Од фитоценолошки поглед најзначајно е присуството на ендемичната растителна заедница *Lemneto-Spirodeletum polyrrhize aldrovandetozum.* Од животинскиот свет особено значајна е фауната на рибите од кои 80 % се ендемични.

Научно-истражувачки објект со посебно биолошко и хидрогеолошко значење; важна туристичка знаменитост.

Присутни појави на експлоатација на песок; диви депонии; пркумерна употреба на агротехнички сретства за заштита на овошните насади во крајбрежјето; загадени води на Голена Река која се слива во Преспанското Езеро; недозволено ловење риба во перидот на мрестење; подземно инфилтрирање на загадувачки материи заради нефункционирање на пречистителната станица кај с. Езерани; нерационално користење на водите од езерото за наводнување; Треба да се преземат ригорозни мерки за заштита на езерото.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства *(International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN*) има *меѓународен статус*: III категорија и режими на заштита: 2, 4, 5, 7.

Заштитна категорија према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN):

Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Овие области не се по големина одредени доколку содржат различност на карактеристики или репрезентативни екосистеми кои ќе ги оправдаат нивните вклучувања како национален парк. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување.

Овие области може да ги поседуваат или управуваат две централи или други државни владини агенции или организации толку долго колку е потребно да се осигура дека ќе бидат уредени кон заштита на нивните важни карактеристики за подолг период.

Режими на заштита согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Студија за заштита на природното наследство:

РЗ 2: Режим на заштита за подрачја со значајни површински геоморфолошки карактеристики

Ограничувања:

Во подрачјата со значајни површински геоморфолошки карактеристики и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на земјени работи (откопување и засипување на теренот);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- стопанско искористување на природните богатства кои се предмет на заштита;
- поставување табли (рекламни или др.), знамиња или светлосни натписи;
- сокривање или нарушување на поважните видици на споменикот со нови градби, огради, антени, жичани водови и т.н. на потесното подрачје на споменикот;
- неорганизирано изведување на екскурзии и спортови (качување по карпести обелисци и др.).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- уредување на подрачјето за посетители (изградба на сообраќајна инфраструктура, одмаралишта, видиковци, поставување на инфо-табли и друго);

- отстранувањето на вегетацијата што го запираат видикот кон подрачјето (кастрење дрвја и грмушки во околина на подрачјето);
- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно-образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

РЗ 4: Режим на заштита за хидролошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во хидролошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- загадување на водата (директно испуштање на канализациска, технолошка и атмосферска отпадна вода);
- искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водата (изградба на брани, вештачки езера, хидроенергетски објекти и друго);
- менување на природната температура на водата (употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- поголеми регулациски градежни работи (промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови, утврдување на бреговите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки и т.н.);
- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини;
- фрлање на отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- изградба на сообраќајна инфраструктура;
- менување на крајбрежната вегетација (проредување и сечење на дрвја и грумушки, засадување на бреговите и т.н.);
- внесување на животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;

- експлоатација на нанос, песок или калиште од крајбрежјето или од дното на коритото, изведба на помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови и т.н.),

Забелешка:

Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитениот режим, освен ако тоа не е во одделни примери наведено.

Дозволено е:

- возење со чамци и едрење;
- посетување и задржување (шетање, капење, сончање) околу водата доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов (во согласност со прописите за рибарство);
- научно истражувачки активности на водената фауна и флора.

РЗ 5: Режим на заштита за ботаничко значајни подрачја

Ограничувања:

Во ботаничко значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- менување на растителниот состав на подрачјето (отстранување или менување на вегетацијата);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- отстранување на земјата или каменитата подлога на водотеците, засипување, фрлање на отпаден материјал и т.н., менување на киселоста или алкалноста на почвата;
- ископување, берење, оштетуваат или кршење на растенијата, или уништување на вегетациските формации кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- собирање на семиња и плодови на растенијата кои се предмет на заштита;
- други активности на постојниот локалитет кои имаат штетно влијание врз растенијата или вегетациските формации, кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површински или подземни води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства (растенија, нивните семиња или плодови) за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);
- лов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- посета на локалитетот и фотографирање на растенијата, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

РЗ 7: Режим на заштита за зоолошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во зоолошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на активности кои ќе предизвикаат промени во животните услови на потесното подрачје (отстранување на вегетација или промени во вегетациската структура, изведување на земјени работи, отстранување на каменести или земјени подлоги, промени на нивото на површинските и подземните води, фрлање на отпад и друго);
- собирање, ловење на животни (возрасни примероци или нивните развојни форми);
- оштетување или уништување на гнезда или места каде што животните се размножуваат или здружуваат;
- изведување на активности кои предизвикуваат бучава и вибрации;
- вештачко осветлување на животните, нивните гнезда, живеалишта, засолништа и места каде што се хранат или размножуваат;
- други штетни влијанија на животните кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површинските и подземните води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.
- набљудување, фотографирање или снимање на животните.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства на подрачјето, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување и т.н.);
- лов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

Согласно Законот за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата ("Службен весник на РМ" бр.51/11 и 79/13) е утврден следниот режим на заштита:

- се забранува внесување на алохотни (туѓи) растителни и животински видови во Езерото,
- се забранува внесување на штетни материи во Езерото кои би можеле да предизвикаат хемиски, физички, биолошки, микробиолошки и други промени на водата и живиот свет,
- се забранува испуштање на нафта и отпадни масла од пловните објекти,
- се забранува внесување на непречистени отпадни води од населените места и индустриските капацитети,
- се забранува сечење на стебла, трска и палење оган во крајбрежниот појас на Езерото,
- се забранува деградирање и уништување на природните живеалишта, особено на местата каде што животните се размножуваат или престојуваат во границите на споменикот на природата,
- се забранува поставување на капацитети за одгледување на риби за комерцијални цели во крајбрежниот појас и во водите на Езерото,
- се забранува отворање на позајмишта за црпење на песок и поставување на објекти и инсталации во крајбрежниот појас на Езерото, кои можат да го нарушат природниот амбиент или да имаат негативни влијанија врз развојот на природните процеси на Езерото,
- се забрануваат антропогени зафати во литоралниот појас на Езерото како што се тампонирање со крупен или ситен тампон и насипување на песок,
- се забранува преземање на активности со кои се прекинува природната комуникација меѓу Езерото и крајбрежниот појас (изградба на бетонски и камени ѕидови и слично) и
- **се забранува изградба на објекти од траен карактер во крајбрежниот појас во широчина од 50 метри од котата на највисокиот утврден водостој на Езерото.**

При реализацијата на предвидените активности за изградба на граничен премин "Маркова нога-Лемос", КО Долно Дупени, Општина Ресен, да се внимава да не дојде до нарушување на заштитеното природно наследство и да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ", број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), Законот за прогласување на Преспанското Езеро за споменик на природата ("Службен весник на РМ" бр.51/11 и 79/13), подзаконските акти донесени врз основа на овие закони, како и заштитната категорија и режимите за заштита, согласно валоризацијата дадена во Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.

Предметниот простор се наоѓа во подрачје "Преспанско Езеро" кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа.

При изработката на документацијата да се испита дали предметната локација се наоѓа во подрачје на значаен видов биодиверзитет и соодветно на добиените податоци да се превземат мерки за заштита.

Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект и при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Закон.

Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18 или пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18), се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот

свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Северна Македонија.

Согласно Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18 или пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18), Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16) (Пречистен текст 168/17), Закон за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16, 83/18) и другите релевантни закони и подзаконски акти, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Во прилог, опфатени се сите урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување:

Урбанистичко-технички мерки:

- засолнување,
- заштита и спасување од поплави,
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи,
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства,
- заштита и спасување од урнатини,
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи,
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки:

- евакуација,
- згрижување на загрозеното и настраданото население,
- радилошка, хемиска и биолошка заштита,
- прва медицинска помош,
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло,
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло,
- асанација на теренот.

При реализацијата на Урбанистичкиот проект, Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општина Ресен е основа врз база на која се планираат мерките за заштита и спасување и истите треба понатаму да се вградат во понатамошната проектна документација.

При понатамошната изработка на проектна документација од пониско ниво и при изработка на идејните и основните проекти, како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследсво.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт

на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матерјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат.

Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во државата.

Согласно Просторниот план на Република Македонија и **Услови за планирање на просторот бр Y06221 Мај 2021**, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.

Во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, го определува потребниот број на засолнишни места, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување.

Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработката на предметниот урбанистички проект, предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно важечките закони и подзаконски акти: Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство, Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти, Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари, Правилник за суштинските барања за градежните, Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, Правилник за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се

наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

Организацијата за заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се утврдува согласно плановите за заштита и спасување, како посебен документ во плановите.

Од урбанистички, аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите,
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,
- внатрешните улици да бидат со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во градот Ресен, кој го опслужува овој локалитет со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар,
- во просторот предмет на проектна документација со Урбанистички проект потребно е да се предвидат надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите,
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за македонските стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/2000).

Предвидената сообраќајна инфраструктура за пристап до предметната локација е со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот кои овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Сообраќајницата е со благ пад и е погодна за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат при изработка на проектна документација од пониско ниво како и при изработката на идејните и основните проекти за градбите, односно потребно е да изготви посебен Проект за заштита од пожари за секоја градба посебно и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно член 80 од Законот за заштита и спасување, зашитата од неексплодирани убојни средства и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и утврденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Стандарните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува Дирекцијата за заштита и спасување.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистчкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирањето на објектите.

Оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, превземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Во предметниот Урбанистички проект утврден е претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците и зони на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планското решение.

При планирањето да се внимава да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 8° по МКС скала , што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците),
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебен елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

Заштита и од сообраќајни несреќи

До локалитетот се простапува од регионален пат. Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за предметната локација би изнесувал до 20-30мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој проектен опфат би изнесувал до 30 мин.

Евакуација

Евакуацијата опфаќа планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство во државата, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето на кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население. Државата и единиците на локалната самоуправа обезбедуваат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Згрижувањето на настраданото и загрозеното население опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозеното население.

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи

со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Со предметниот Урбанистички проект, планирани се објекти во склоп на граничен премин, во кои влегуваат сите видови објекти и дејности кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.

Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Планирањето на првата медицинска помош опфаќа проценување на можните загрозувања на животот и здравјето на луѓето, утврдување на потребна организација за спроведување на првата медицинска помош и пропишување на оперативна процедура за спроведување на првата медицинска помош.

Планирањето на првата медицинска помош се остварува во рамките на интегралното планирање (развојно и оперативно) за заштита и спасување и тоа како посебен елаборат. Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Заштита на културно-историско наследство

Согласно Законот за урбанистичко планирање во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

Во Дописот од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола со бр.08-236/3 од 02.06.2021год. се констатира дека во границите на опфатот на КП 1976/1 веројатно се наоѓа евидентирано културно наследство. Исто така, со оглед на тоа дека овој реон е богат со археолошки локалитети и постои можност за откривање на нови добра кои што би можеле да бидат културно наследство, потребно е при било какви земјени работи да се обезбеди археолошки надзор.

Исто така и во архелошката карта на Република Македонија, Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Долно Дупени има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект, се дојде до откривање на археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Закон за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Услови за движење на лица со инвалидитет

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат одредбите од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20).

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Табели

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН												
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1												
Број на Градежна Парцела	Број на објект	Основна класа на намена	Вид на градба	Површина на Градежна Парцела (m2)	Површина на објект во приземје (m2)	Број на надземни нивоа	Катност	Вкупно изградена површина на сите нивоа (m2)	Максимална височина до венец (m')	Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	Паркирање
1.1	1.1.1	**E2.1**	Управна зграда за Цариници и Гранична полиција	54,919	1,321	1; 2	П; П+1	2,094	4,50m'; 6,00m'	2.406	0.0381	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.2	**E2.1**	Објект за осигурителна компанија и Јавен тоалет	54,919	32	1	П	32	4,50m'	0.058	0.0006	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.3	**E2.1**	Објект 1 наменет за граничен премин	54,919	770	2	П+1	1,541	8,50m'	1.403	0.0281	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.4	**E2.1**	Резервоар за вода	54,919	225	1	П	225	3,00m'	0.410	0.0041	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.5	**E2.1**	Пречистителна станица	54,919	15	1	П	15	3,00m'	0.027	0.0003	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.6	**E2.1**	Објект 2 наменет за граничен премин	54,919	65	1	П	65	3,40m'	0.118	0.0012	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.7	**E2.1**	Кула	54,919	9	1	П	9	Постојна височина	0.017	0.0002	Во рамки на градежна парцела
1.1	1.1.8	**E2.1**	Трафостаница со Агрегат	54,919	79	1	П	79	3,00m'	0.144	0.0014	Во рамки на градежна парцела
			Вкупно:	**54,919**	**2,517**			**4,060**		**4.58**	**0.07**	

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН										
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА Г.П. 1.1										
Број на Градежна Парцела	Група на класи на намени	Основна класа на намена	Површина на Градежна Парцела (m2)	Вкупна површина на објекти во приземје (m2)	Вкупно изградена површина на сите нивоа (m2)	Катност	Максимална височина до венец (m')	Процент на изграденост во однос на градежна парцела (%)	Коефициент на искористеност во однос на градежна парцела (к)	Паркирање
1.1	E	E2.1	54,919	2,517	4,060	П+1	8,50 m'	4.6	0.07	Во рамки на градежна парцела

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗАУРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН "МАРКОВА НОГА - ЛЕМОС", КО ДОЛНО ДУПЕНИ, ОПШТИНА РЕСЕН		
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	**(м²)**	**%**
E2.1 (ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ)	54,919.34	72
Д2 (ЗАШТИТНО И СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)	21,227.52	28
ВКУПНО:	**76,146.86**	**100**

Од евидентираните нумерички показатели можеме да се констатира дека истите се во рамките на дозволените граници согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.225/20).

Нумерички показатели за планирана сообраќајна инфраструктура

Сообраќајниот концепт на планирана улична мрежа во просторот што ја дефинира градежната парцела 1.1 е утврден врз основа на:

- Проектна програма,
- Урбанистичкиот концепт (идејни проекти за објекти),
- Правилникот за урбанистичко планирање,
- (Сл. весник на РМ бр.225/20),
- Ажурирана геодетска подлога.

Во северниот дел од опфатот е поставена трасата на регионалниот пат Р1308 кој во својот сообраќаен профил содржи две коловозни ленти за влез и излез, во и од зоната на граничниот премин со ширина од 3,25м, односно сообраќајниот профил на Р1308 на овој потег изнесува:

- коловоз	2x3.25	= 6.50м
- тротоари	2x1.50	= 3.00м
	Вкупно:	9.50м

Од регионалниот патен правец Р1308 за излез од Република Македонија,коловозната површина се проширува до граничната лира (излез) и истата овозможува дистрибуција (одвојување) на моторни возила – возни ленти:
Лента 1: 1 x 3,25 = 3,25м'
Лента 2: 1 x 3,25 = 3,25м'

За влез на возилата од Р.Грција во Р.Македонија се предвидени исто така возни ленти кои се дистрибуираат во домен на граничната лира (влез) за моторни возила:

Лента 1: 1 x 3,25 = 3,25м'
Лента 2: 1 x 3,25 = 3,25м'

Помеѓу возните ленти за влез и излез се предвидени контролни куќички наменети за проверка на патниците (Царина и МВР).

Излезот од Граничниот премин кон Р. Грција е регулиран со влези и излезни ленти со следните профили:

За излез од Република Северна Македонија:

-коловоз	2x3.25	=	6.50м
-тротоари	1x1.50	=	1.50м
	Вкупно:		8.00м

За влез од Република Северна Македонија:

-коловоз	2x3.25	=	6.00м
-тротоари	1x1.50	=	1.50м
	Вкупно:		8.00м

Помеѓу возните ленти за влез и излез од Република Северна Македонија има разделен појас со ширина од 2м.

Исто така во рамките на проекниот опфат има крак улица 2 со следниве профили:

-коловоз	2x3.00	=	6.00м
-тротоари	2x1.50	=	3.00м
	Вкупно:		9.00м

и крак улица 3 со следниве профили:

ПРЕСЕК
5-5



-коловоз	2x3.00	= 6.00м
	Вкупно:	6.00м

Хоризонталната поставка со елементи на хоризонтално решение (радиуси на хоризонтални кривини и сообраќајни профили) се презентирани во графичкиот прилог.

Како дополнителни сообраќајни површини за опслужување на сообраќајот во функција на планираните објекти во ГП 1.1 се планирани платоа – Плато за пристап до објектот на МВР и паркинг простор со 13 паркинг места и 2 паркинг места за инвалиди. Вкупна должина на планираната внатрешна улична мрежа изнесува:

- Новопроектирана Улица 1 = 372,88м
- Улица 2 = 54.81м
- Улица 3 = 114,09м

Вкупно: 541.78м

Ваквата поставка на планирана внатрешна улична мрежа и сообраќајни површини ги дефинира сите сообраќајни движења(со посебен режим) во рамките на градежната парцела со контролирани влезови во истата.

Стационарен сообраќај – паркирање

Опслужувањето на возилата во мирување(паркирање) во функција на планираните објекти во ГП 1.1 се предвидува во планираните паркинг простори за вработени со овој УП.

Предвидени се вкупно 13(тринаесет) паркинг места и 2(две) паркинг места за инвалиди.

Нивелациско решение

Врз основа на нивелационото решение детално снимена ситуација (ажурирана геодетска подлога) со вертикална претстава и утврдени елементи на хоризонтално решение со осовини на планирани коловозни површини рамките на ГП1.1 е изработено нивелационо решение. Со нивелационото решение се дадени висински коти на осовински и прекршни точки, како и надолжни наклони на нивелетите на

планираните коловозни површини кои се движат од минимални 0,24% до максимален 11,72%.

Нумерички показатели за водоснабдување и одведување отпадни води

Водоснабдување

- бунари (локацијата ќе биде дефинирана врз основа на хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи)
- примарна водоснабдителна мрежа за санитарна вода:
  - Ф 150 должина 90 м.
- примарна водоснабдителна мрежа за техничка вода:
  - Ф 80 должина 450 м.

Одведување на отпадни води

- примарна фекална канализација:
  - пречитителна станица за отпадни води 1
  - Ф300 должина 90 м.
- примарна атмосферска канализација:
  - Ф500 должина 160 м.
  - Ф400 должина 120 м.
  - Ф300 должина 150 м.

Нумерички показатели за електроенергетска и електронско-комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

Нумерички показатели за електроснабдителна инфраструктура:

Надземни инфраструктурни градби:

- Една постојна столбна дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4kV која ќе се демонтира
- една среднонапонска дистрибутивна трафостаница 10(20)/0,4kV со агрегат и УПС-и

Подземни инфраструктурни водови:

- постојни надземни среднонапонски 10(20)kV електроводови во должина од 75м (се каблираат)
- постојни надземни нисконапонски 0,4kV електроводови во должина од 75м (се каблираат)
- дистрибутивни среднонапонски 10(20)kV електрокабли, во должина од 134м.,
- заштитен коридор за дистрибутивни среднонапонски и нисконапонски електрокабли, во должина од 130м.,
- дистрибутивни нисконапонски 0,4kV електрокабли за мрежно напојување (во заштитен појас) во должина од 552м.,
- дистрибутивни нисконапонски 0,4kV електрокабли за резервно напојување (во заштитен појас) во должина од 100м.

Нумерички показатели за електронско-комуникациска инфраструктура:

Подземни инфраструктурни водови:

- Електронско комуникациски кабли во должина од 1601м.

Нумерички показатели за јавно осветлување:

- Надземни инфраструктурни објекти:
  - 49 светилки за јавно осветлување

- Подземни инфраструктурни водови:
  - дистрибутивни нисконапонски 0,4kV електрокабли за јавно напојување на партерни светилки во должина од 1078м.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање, (Службен весник на Република Македонија број 225/20).

Општите услови важат за целата површина на **Урбанистичкиот проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен**.

1.
При проектирањето на сообраќајната инфратруктура, да се запазат стандардите и нормативите, пропишани со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.32/20) и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

2.
Да се почитуваат сите планирани сообраќајни параметри коишто се дадени во овој УП и се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20).

3.

При изработката на овој **Урбанистичкиот проект за градби од државно значење за граничен премин "Маркова Нога - Лемос", КО Долно Дупени, општина Ресен,** задоволени се барањата дадени во Проектната програма доставена од Министерството за синансии – Царинска управа. Останатите барања и содржини предвидени со овој **Урбанистички проект за Г.П. 1.1,** ќе се планираат во понатамошна фаза.

4.
При изведувањето на градбите да се почитуваат техничките нормативи, законите и правилниците за областа.

5.
Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на

градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

6.

Регулаторни линии се регулациона линија и граница на градежна парцела. Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Границата на градежната парцела во предметниот УП за Г.П.1.1 е формирана со овој Урбанистички проект. Границата на градежната парцела формира површина од 54919,34m2. Во графика, границата на градежната парцела е означена со полна зелена линија со дебелина од 0,6мм.

7.

Градежната парцела е најмала единица градежно земјиште што е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба и/или има изградено градба при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежна парцела и го опфаќа земјиштето под градба и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.Во предметниот УП се дефинира и се разработува градежна парцела Г.П.1.1 со површина од 54919,34m^2

-

8.

Градежна линија е регулаторна линија во урбанистичкиот план/проект која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до којашто во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објект.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој Урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р). Во проектниот опфат се предвидени површини за градење на: градба со намена Е2.1 – Гранични премини. Градежната линија е дефинрана согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20).

9.

Помошна градежна линија се употребува како ознака за денивелација или продор во рамките на површината за градење. Во предметниот УП, употребена е помошна градежна линија како ознака за продори, во објектот 1.1.1.

Во графика, помошната градежна линија е означена со испрекината црна линија со дебелина од 0.5мм.

10.

Површина за градење на градежната парцела е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на една или повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Површината за градење во рамките на утврдениот простор за градење е 2571m^2.

Во Урбанистичкиот проект предвидена е површина под градба од 2517m^2 и вкупно изградена површина 4060m^2 за новопланираната градба.

Согласно дописот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина сектор води бр.0902-91/36 согласно Законот за води

Министерството за животна средина и просторно планирање треба да издаде водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води или објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите.

11.

Максималната височина на градбата е планска определба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува на онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.
Максималната висина до венец изнесува 8.50м'.
Со предметниот УП се предвидува висина на завршниот венец на градбите од 3,0м' до 8.50м', додека бројот на катови изнесува од П до П+2.

12.
Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја одразува густината на изграденост и покажува колкав дел од градежното земјиште е под градба и се добива како однос помеѓу површината под градби и вкупната површина на единицата на градежното земјиште; Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Со процентот на изграденост е дадено колкав дел од градежното земјиште на разгледуваната градежна парцела ќе биде зафатено со градба. Во Урбанистичкиот проект за ГП 1.1, процентот изнесува 4,6%.

13.

Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која покажува колкав е планираниот или фактичкиот интензитет на изграденост на градежното земјиште и се добива како однос помеѓу вкупната изградена површина на сите катови и вкупната површина на единицата на градежното земјиште. Истиот, согласно предвидената површина за градење во овој Урбанистички проект изнесува 0.07.

14.
Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се внимава на специфичностите на прирачните градежни материјали со максимално почитување на креативноста на архитектот.

15.
Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот во предметниот УП да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.225/20).

15а.

Во текот на реализација на овој урбанистички проект, инвеститорот врз основа на проектна програма има можност да побара одобрување на нов идеен проект во постапката за одобрение за градење, при што не смее да се надминат дозволените урбанистички параметри утврдени со овој Урбанистички проект и доколку тие промени се во рамките на површините за градба утврдени со овој Урбанистички проект.

18.

Водоснабдувањето ќе се врши од две водоснабдителни мрежи: за санитарна вода (за пиење и противпожарна заштита) и за техничка вода (за наводнување на зеленилото и одржување на комуналната хигиена).

19.

Водоснабдувањето со санитарна и техничка вода ќе се врши од подземни води (бунари). Нивната местоположба ќе биде дефинирана со хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на подземните води.

20.

Пред да се користи водата за санитарни потреби да се направат испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко – хемиските и бактериолошките карактеристики на водата ќе одговараат на критериумите за соодветна употреба.

21.

Од водоснабдителната мрежа за санитарна вода ќе се обезбеди и вода за противпожарна заштита.

22.

Изградбата на водоснабдителната мрежа (за санитарна вода и за техничка вода) ќе се утврди врз основа на основен проект.

23.

За одведување на отпадните води се предвидува сепараciска канализациска мрежа.

25.

Фекалните отпадни води од пред да се испуштат во реципиентот (Преспанско Езеро) ќе бидат подложени на третман во пречистителна станица која се наоѓа во границата на проектниот опфат.

26.

Атмосферските води пред да бидат испуштени во реципинтот (водотек на јужната страна од опфатот) ќе бидат подложени на третман во маслофаќач.

27.

Заради заштита на брегот на Преспанското Езеро обезбеден е заштите појас во ширина од 50 м од линијата на максималната кота на водата (851,83 м.н.в.).
Изградбата на објектите: пречистителната станица за отпадни води и бунарите ќе биде врз основа на дозвола или согласност за изградба на постројки и објекти во заштитниот појас издадена врз основа на закон

28.
Низ проектниот опфат на северната и јужната страна минуваат два времени водотеци - порои кои не се регулирани. За заштита на просторот од несакани последици при појава на големи води обезбеден е заштитен појас покрај водотеците во ширина од 50 метри од ивицата на коритото на водотеците.

29.
Израдбата на канализациската инфраструктура (фекална и атмосферска) ќе се утврди врз основа на основен проект.

30.
Електроенергетско приклучување на корисниците ќе се изврши од среднонапонска дистрибутивна трафостаница согласно мрежните правила. За корисниците (институциите) на граничниот премин предвидено е мрежно и резервно (агрегатско) напојување преку енергетски блок составен од: дистрибутивна трафостаница, дизел електричен агрегат и УПС-и.

31.
Во електро ормарите да се оствари поврзување на приклучите електро кабли од внатрешната електро инсталација со надворешното мрежно и резервно напојување. Со тоа ќе се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија на корисниците со напон кој ќе биде во дозволените граници.

32.
Замената на постојните надземни среднонапонски 10(20)kV и нисконапонски 0,4kV со подземни електроводови да се изврши во согласност со овластен дистрибутер на електрична енергија. Замената на постојната столбна со соодветна дистрибутивна трафостаница да се изврши во согласност со потребите на корисниците (институциите) на граничниот премин и овластен дистрибутер на електрична енергија. (писмо бр. 10-55/2-332 од 29.07.2021).

33.
Дистрибутивни електрокабли како и каблите за јавно осветлување треба да се поставуваат во инфраструктурни коридори. Целокупната градба на среднонапонската и нисконапонската дистрибутивна мрежа треба да биде во согласност со: "Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија".

34.
Во еден инфраструктурн коридор може да бидат поставени повеќе електро и електронско комуникациски кабли.

35.
Со електронско комуникациската мрежа, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

36.
Корисниците треба да имаат можност за слободен избор на оператор а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови. За пристапна точка на објектите со основниот проект да се предвидат приклучни електронско комуникациски ормари.

37.
Електронско комуникациските кабли треба да се полагаат во инфраструктурни коридори на начин кој нема да ја попречуваат работата на другите јавни комуникациски мрежи и придружни средства, како ни работата на други јавни електронско комуникациски услуги и услуги од друг карактер.

38.
Врз основа на изработена Светлотехничка пресметка и Основен проект за инфраструктура да се изврши градба и приклучување на светилките наменети за јавното осветлување (сообраќајници, паркинзи и др. јавни површини). При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со применет современ дизајн.

39.
За заштеда на енергијата се планира на крововите и фасадите од објектите да се постават соларни колектори со помош на кои ќе се врши загревање на санитарната и техничка вода. За зголемена енергетска ефикасност на градбите се препорачува примена на современи висококвалитетни градежни и други материјали.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежната парцела.

Посебните услови за градење се основа за изработка на Основните проекти за градбите и инфраструктурата.

- Посебни услови за градба за:

Број на објект	**1.1.1**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Управна зграда за Цариници и Гранична полиција**
Површина во приземје (м2)	1,321
Катност	П; П+1
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	2,094
Максимална височина до венец (м')	4,50; 6,00
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	2.4
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,0381
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 1 Посебни услови за градба за објект 1.1.1

- **Посебни услови за градба за:**

Број на објект	**1.1.2**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Објект за осигурителна компанија и Јавен тоалет**
Површина во приземје (м2)	32
Катност	П
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	32
Максимална височина до венец (м')	4.50
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	0.058
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,00058
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 2 Посебни услови за градба за објект 1.1.2

Број на објект	**1.1.3**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Објект 1 наменет за граничен премин**
Површина во приземје (м2)	770
Катност	П+1
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	1,541
Максимална височина до венец (м')	8.50
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	1.40
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,0280
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 3 Посебни услови за градба за објект 1.1.3

Посебни услови за градба за:

Број на објект	**1.1.4**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Резервоар за вода**
Површина во приземје (м2)	225
Катност	П
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	225
Максимална височина до венец (м')	3.00
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	0.41
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,0040
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 4 Посебни услови за градба за објект 1.1.4

Број на објект	**1.1.5**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Пречистителна станица**
Површина во приземје (м2)	15
Катност	П
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	15
Максимална височина до венец (м')	3.00
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	0.027
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,00027
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 5 Посебни услови за градба за објект 1.1.5

- **Посебни услови за градба за:**

Број на објект	**1.1.6**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Објект 2 наменет за граничен премин**
Површина во приземје (м2)	65
Катност	П
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	65
Максимална височина до венец (м')	3.40
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	0.118
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,0012
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 6 Посебни услови за градба за објект 1.1.6

Број на објект	**1.1.7**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Кула**
Површина во приземје (м2)	9
Катност	П
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	9
Максимална височина до венец (м')	Постојна
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	0.016
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	/
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 11 Посебни услови за градба за објект 1.1.7

- **Посебни услови за градба за:**

Број на објект	**1.1.8**
Г.П.	1.1
Основна класа на намена	Е2.1 - Гранични премини
Вид на градба	**Трафостаница со Агрегат**
Површина во приземје (м2)	79
Катност	П
Вкупно изградена површина на сите новоа (м2)	79
Максимална височина до венец (м')	3.00
Процент на изграденост во однос на Г.П. (%)	0.143
Коефициент на искористеност во однос на Г.П. (к)	0,0014
Паркирање	во рамки на градежна парцела

Табела бр. 7 Посебни услови за градба за објект 1.1.8

2.

Во текот на реализација на овој урбанистички проект, инвеститорот врз основа на проектна програма има можност да побара одобрување на нов идеен проект во постапката за одобрение за градење, при што не смее да се надминат дозволените урбанистички параметри утврдени со овој Урбанистички проект и доколку тие промени се во рамките на површините за градба утврдени со овој Урбанистички проект.

2а.

Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот со предметниот УП да бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.225/20).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

3.

При проектирањето на сообраќајната инфратруктура, да се запазат стандардите и нормативите, пропишани со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.32/20) и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

4.

Да се почитуваат сите планирани сообраќајни параметри коишто се дадени во овој УП и да се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање планирање (Службен весник на РМ бр.32/20).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

5.

Водоснабдувањето ќе се врши од две водоснабдителни мрежи: за санитарна вода (за пиење и противпожарна заштита) и за техничка вода (за наводнување на зеленилото и одржување на комуналната хигиена).

6.

Водоснабдувањето со санитарна и техничка вода ќе се врши од подземни води (бунари). Нивната местоположба ќе биде дефинирана со хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на подземните води.

7.

Пред да се користи водата за санитарни потреби да се направат испитувања со кои ќе се утврди квалитетот на водата, односно дали физичко – хемиските и бактериолошките карактеристики на водата ќе одговараат на критериумите за соодветна употреба.

8

Од водоснабдителната мрежа за санитарна вода ќе се обезбеди и вода за противпожарна заштита.

9.
Изградбата на водоснабдителната мрежа (за санитарна вода и за техничка вода) ќе се утврди врз основа на основен проект.

10.
За одведување на отпадните води се предвидува сепараciска канализациска мрежа.

11.
Фекалните отпадни води од пред да се испуштат во реципиентот (Преспанско Езеро) ќе бидат подложени на третман во пречистителна станица која се наоѓа во границата на проектниот опфат.

12.
Атмосферските води пред да бидат испуштени во реципинтот (водотек на јужната страна од опфатот) ќе бидат подложени на третман во маслофаќач.

13.
Заради заштита на брегот на Преспанското Езеро обезбеден е заштите појас во ширина од 50 м од линијата на максималната кота на водата (851,83 м.н.в.).
Изградбата на објектите: пречистителната станица за отпадни води и бунарите ќе биде врз основа на дозвола или согласност за изградба на постројки и објекти во заштитниот појас издадена врз основа на закон

14.
Низ проектниот опфат на северната и јужната страна минуваат два времени водотеци - порои кои не се регулирани. За заштита на просторот од несакани последици при појава на големи води обезбеден е заштитен појас покрај водотеците во ширина од 50 метри од ивицата на коритото на водотеците.

15.
Израдбата на канализациската инфраструктура (фекална и атмосферска) ќе се утврди врз основа на основен проект.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА ЕЛЕКТРОСНАБДУВАЊЕТО, ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

16.
Електроенергетско приклучување на корисниците ќе се изврши од среднонапонска дистрибутивна трафостаница согласно мрежните правила. За корисниците (институциите) на граничниот премин предвидено е мрежно и резервно (агрегатско) напојување преку енергетски блок составен од: дистрибутивна трафостаница, дизел електричен агрегат и УПС-и.

17.
Во електро ормарите да се оствари поврзување на приклучите електро кабли од внатрешната електро инсталација со надворешното мрежно и резервно напојување. Со

тоа ќе се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија на корисниците со напон кој ќе биде во дозволените граници.

18.
Замената на постојните надземни среднонапонски 10(20)kV и нисконапонски 0,4kV со подземни електроводови да се изврши во согласност со овластен дистрибутер на електрична енергија. Замената на постојната столбна со соодветна дистрибутивна трафостаница да се изврши во согласност со потребите на корисниците (институциите) на граничниот премин и овластен дистрибутер на електрична енергија.

19.
Дистрибутивни електрокабли како и каблите за јавно осветлување треба да се поставуваат во инфраструктурни коридори. Целокупната градба на среднонапонската и нисконапонската дистрибутивна мрежа треба да биде во согласност со: "Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија".

20.
Во еден инфраструктурн коридор може да бидат поставени повеќе електро и електронско комуникациски кабли.

21.
Со електронско комуникациската мрежа, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

22.
Корисниците треба да имаат можност за слободен избор на оператор а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови. За пристапна точка на објектите со основниот проект да се предвидат приклучни електронско комуникациски ормари.

23.
Електронско комуникациските кабли треба да се полагаат во инфраструктурни коридори на начин кој нема да ја попречуваат работата на другите јавни комуникациски мрежи и придружни средства, како ни работата на други јавни електронско комуникациски услуги и услуги од друг карактер.

24.
Врз основа на изработена Светлотехничка пресметка и Основен проект за инфраструктура да се изврши градба и приклучување на светилките наменети за јавното осветлување (сообраќајници, паркинзи и др. јавни површини). При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со применет современ дизајн.

25.

За заштеда на енергијата се планира на крововите и фасадите од објектите да се постават соларни колектори со помош на кои ќе се врши загревање на санитарната и техничка вода. За зголемена енергетска ефикасност на градбите се препорачува примена на современи висококвалитетни градежни и други материјали.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

26.

Поради тоа што овој реон е богат со археолошки локалитети и постои можност за откривање на нови добра кои што би можеле да бидат културно наследство, потребно е при било какви земјени работи да се обезбеди археолошки надзор.

Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект, се дојде до откривање на археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Закон за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

27.

При реализацијата на Урбанистичкиот проект, важат сите мерки кои се во согласност со Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и и 99/18).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО

28.

Доколку при реализацијата на Урбанистичкиот проект и при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

29.

Потребно е да се реши меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето на градбите, односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува ½ од вкупната височина на двете градби, сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 19 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.Весник на РМ бр.32/2011).

30.

За сите останати мерки за заштита и спасување, при реализацијата на Урбанистичкиот проект и негово спроведување во иднина, важат сите одредби и мерки согласно

Законот за заштита и спасување Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18 или пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16, 83/18), со кој се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Северна Македонија.

***

за работниот тим:

Julijana Stavrevski

Digitally signed by Julijana Stavrevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030005576521, 2.5.4.97=NTRMK-6067441, o=Agencija za planiranje na prostor, serialNumber=153862, title=Rakovoditel na sektor za urbanisticko planiranje, sn=Stavrevski, givenName=Julijana, cn=Julijana Stavrevski
Date: 2021.10.14 11:47:10 +02'00'

М-р. Јулијана Ставревски, дипл.инж.арх.
овластување бр: О.0382
/раководител на УП и планер потписник/

2) **ПРИЛОЗИ:**

- **ГОДИШНА ПРОГРАМА** за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година (Службен весник на РМ бр.15/21) точка 19;
- **ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА бр. 08-141/4 од 19.03.2021год;**
- **ДОПИСИ ЗА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ** ОД АПП ДО НАДЛЕЖНИ СУБЈЕКТИ, ДОСТАВЕНИ ПРЕКУ ВЕБ СЕРВИСОТ Е-УРБАНИЗАМ ПОСТАПКА БР. 33603.

  https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/33603

3) **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**